со македонско население, живеејќи заедно со помалите племенски заедници кои ја примиле културата од Македонците, со изминат временски период од најмалку 130.000 г.мак.е.пред.п.хр. Според научниците, овој наод, прикажан на илустрацијата, содржи само „апстрактни уметнички украси“. Но, според моето мислење, украсите се, всушност, букви ЦУТНИ (кирилица и латиница), каде дословно пишува на македонски јазик:

„ЗЕТА МАКЕДОНИА ОД ОТЕЦОТ ТВОЈ ТЕШТ. ИЛИ И ВО ОД ВОСТАНИ. СО ИЉО ТЕШТ.“ Овој текст, според стилот на испишаните букви, ко-респондира со текстовите од Бломбос, Јужна Африка[379], Наска-линиите во Перу[380], текстот од локалитетот во Шкотска, Лепенски Вир[381] и некои други.




Сл. 344 Дешифрираниот натпис на кинескиот симбол Zhōng со значење „Кина“.

[379] Дешифриран натпис: „Зета Македониа Божјиот Лом“ Јужна Афричка Унија 123.000 – 73.000 г г.мак.е.пред.п.христ., стр. 368.
[380] Дешифриран натпис: „За нашата вера“ – Наска линии, Наска, Перу, пред 70.000 г.мак.е.пред.п.христ., стр. 303.
[381] Дешифриран натпис: „Рожба Мадона“ - Шкотска Локалитет Skara Brae пред 3.100 – 2.500 г.мак.е.пред.п.христ., стр. 255.







Сл. 345 Потписот на ИЉО ТЕШТ.

На камената плоча во вид на лигатура, може јасно да се прочита и потписот на ИЉО ТЕШТ. Тој претставува Сонце, дух божји Македон, Господарот - Господ Македонец и владетел во Јужна Азија. Сметан за божество, неговиот потпис е земен за симбол на територијата каде владеел. Симболот денес значи: „Zhong – guo“ – Кина. Според дешифрираните симболи и начинот на пишување на кинеските знаци на овој знак – потпис, може да се прочита: „ИЛИ И ВО ОД ВОСТАНИ. СО ИЉО ТЕШТ“. Оваа лигатура би значела: Сонцето ИЛИ да востане или да зазори на исток од Азија, која според мојата претпоставка се викала „ВОСТАНИЈА“, што значи: „ЗЕМЈАТА НА ИЗГРЕЈСОНЦЕТО“, како спротивност на територијата на Големата Зета Македониа на зајдисонцето или Европа, во која според пронајдените пишани документи со изминат временски период од 18.000 – 11.000 г.мак.е.пред.п.христ. е напишано „НАНИА“ - што значи зајдисонце (стр. 204 пештера - триаголник).

**02. Зета Македониа Востаниа**

Централна Азија (денес наречена Кина), 130.000 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ, „贺兰山岩画“ Hèlánshān.






Сл. 346 Мапа од планината Hèlánshān, област Нигсја.

## 02/1. “Бог Сонце”

Градот Јинчуан е главниот град на автономната област Нигсја во Кина и се наоѓа во нејзиниот централен дел. На 58 километри од градот, се наоѓа ланецот од планини Хелан, во вкупна должина од 250 км., каде археолозите откриле повеќе од 5.000 резбани камења, со изминат временски период од пред 5.000 до 130.000 г.мак.е.пред.п.христ. За археолозите на резбите, најчесто се прикажани сцени од лов, жртвувања, но и војна, забава, разни животни како говеда, овци, коњи, камили, тигри, леопарди. Помеѓу големата колекција на резби има откриено и 700 слики, како портрети и маски, кои се автентични уметнички форми и изрази. Планината Хелан е културната ризница, преку која ја дознаваме историјата, писмото, јазикот, верата и уметноста од историскиот период на господарството Зета Македониа и на народ Македон од таа област.

Разработени се неколку цртеж-лигатури на камен, чии специфични резби ни ја разоткриваат следната анализа, прикажана на неколку од наредните страници.

На сликата (Сл. 347) е прикажана резбата наречена „Сончевиот Бог.“[382] Најпрво, Сонцето како единствен Бог, господар на сите нешта е ДОН – АВТОР или донатор. Зборот „донатор“ доколку се расчлени на ДОН – АТ + ОР, тоа е „ДОН“, го добиваме значењето - доделувачот или подарувачот. Тука се мисли на подарување на „божја семенка“ за нов живот. Подарувањето на божја семенка или оплодувањето на земјата се случува на XXI-ви март, и со тоа „ДОН“ означува и пролет. „АТ“ е коњ (коњот е симбол на сончевиот зрак како машки принцип), што би укажувало на тоа дека самиот Бог е донатор на живот со неговата светлост, што претставува дух божји



Сл. 347 Резбата наречена „Сончевиот Бог”.

382 http://cathay.ce.cn/history/200805/23/t20080523_15589589.shtml преземено на 07.05.2015.

МАКЕДОН. Бог е господар и на своите деца, на кои им подарува УМ, светлост, просветленост. Со тоа синовите ги прави рамни на себе – обожествени Господарите – Владетели Македонци, како создавачи на светлото со умот, а тоа е СЛОВОТО, ПРОСВЕТЛЕНОСТА, НАУКАТА И УМЕТНОСТА. Древното македонско население со цртежите на карпа и на нив портретираните луѓе и животни, ја пренесуваат и скриената порака за хуманата репродукција. Македонците, сакајќи да ја пронајдат тајната на постанокот на светот, ја создале верата на Големата Мајка на Воскресението, Сонцето, Космосот,ројот, сојот и рајот на Ѕемјата и Васионата. Портретираното човечко лице е олицетворение на душата и плодноста. Тоа е процес за реинкарнирање на вкупната жива природа помеѓу машкото и женското.




Сл. 348 Дешифрираниот натпис




Сл. 349 Анализа на резбата.

. На портретот како скриена порака пишува:

Р'Д СИ Н'Ш ТИ ЦАР ТЕШТ РОЈ НАС Р'С М Т“

Транскрибирано на современ македонски јазик гласи:

„ЦАР, РОД СИ НАШ ТИ. ТЕШТ РОЈ НАС СО РОСА МАЈКАТА И ТАТКОТО.“

Портретот го претставува Богот - Сонцето. Составен е од два идентични дела, и тоа царот во вселената – Сонцето, и царот на земјата - обожествениот Македон. Во зборот ЦАР, буква-

та „Р“ е написана во облик на крлук или царски жезол. Тој се нарекува ЛИТИУС[383], енергетска антена или резонатор, кој ја лови и засилува енергијата која доаѓа од вселената, во облик на дух божји Македон. Основен елемент на портретот е устата. Таа е изгравирана во облик на три букви „Р“, „М“ и „Т“. Тоа е претстава на матката со двата јајника, во која се наоѓаат кратенките „М“ и „Т“ како мајка и татко.

Како цртеж-лигатура, неговиот двоен поглед и уши и двојна личност, ни укажува на дуалистичкиот однос помеѓу Бог и неговиот новороден син „ИС“ - обожествениот Македон. За значењето на портретот и неговиот скриен натпис, се обидов да дадам толкување во стихови, кои ни ја даваат следнава порака:

Јас сум царот родот ваш.
Поглед ова е мој.
Јас сум Богот твој, Умот - Сонцето ИЛИ.
Мојот Дух пред утринската роса изникнува од темнината.
Светлината која се лизга - раѓа, е мое Божјо Слово мојот Дух Божји Македон,
мојот син ИС – што исијува.

Елена – вселена - оплодена од мојот поглед ја роди Ѕемјата – Маричка Божја.
Галена од топлината, прерасна во Мадон пролетна.
Оплодена Мадонка од погледот мој, Ѕемјата е во раст како Македонка, а како Мајка го роди ИС – РАЈОТ МАКЕДОНИА.
ИС – ИСУС е вкупната жива природа на Ѕемјата, во која се наоѓаш и ти син мој, обожествен Македонец.

Сину мој, ти што гледаш и слушаш е Божјото Слово, а Умот е Отецот - Бог твој ИЛИ.
Ова е моја волја, природата да го добие духот Божји, лишена од разум (таа е безсловесна). Тештот ја доби бесконечната линија на Космосот, рајот во вселената по завршениот световен период.
Смртен е тој, но душата му е бесмртна.

Преку Вселенскиот круг на Еленот и неговата Вселенска спирала се рождат душите од Тештот стар.
Мојата волја е размножените души да се вратат на Ѕемјата со првиот сончев зрак.
Мојата волја е сите земни суштества да имаат женско и машко да се оплодуваат и множат. Мојата волја е светлината и просветленоста што ја поседуваш да ја пренесеш и на тие кои се во вечниот мрак и незнаење, како твои браќа.

Ти даваш сѐ, и ограбено ти е сѐ, од ништожните-безимени, за возврат ништо не добиваш.
Ти си Отец - „ФУ - оплодувач на умот. (Fù -父 = татко)
Зачнувај деца! Оној што не оплодил, неговата душа по смртта ќе реинкарнира во луѓе, ни женско ни машко.
Биди благословен, светол и СЛОВЕСЕН, рамноправен на мене СИН МОЈ, обожествен Македонец.

Твоите неписмени поданици – несловесни ќе те наречат Бог СЛОВЕН.




Сл. 350 Македонскиот симбол за татко до денес е во употреба во Кина.

[383] Усна консултација со рецензентот Милош Линдро

**02/2. „ИЛЕ“**

Зета Македониа Востаниа централна Азија (денес наречена Кина), 130.000 – 40.000 г.мак.е.пред.п.христ, “贺兰山岩画” [384] Hèlánshān (Х’лајншен).

Во средината на планината Хелан, во близина на градот Yinchuan, меѓу 4.787 петроглифи се наоѓа и резбата „ИЛЕ“. Претпоставка е дека тоа е цртеж на елен, кој е персонификација на Бог Сонце ИЛИ. Во историскиот период на Зета Македониа на македонскиот народ.

Големата Мајка го раѓа окото на воскресението на божји поглед „SE“. Тој претставува дух божји Македон, персонифициран како ЕЛЕН или ВСЕЛЕН. Во еден миг од времето бесконечно, еленот или вселенот се вселува во усните на божјата мајка Елена. На тој начин се раѓа вселената.



Сл. 351 Планината Хелан.



Сл. 352 Резбата „ИЛЕ“, претпоставка дека тоа е цртеж на елен.




Сл. 353 Обработка на резбата.

Конкретно на овој цртеж, изработен со слова од македонската словарница на ЦУТОТ, во вид на цртеж-лигатура и како скриена порака од десно кон лево, го опишува следното:

„СИ S ЕЛИ“. <

Транскрибирано на современ македонски јазик значи: „ИЛЕ ГЛЕДАМ ’ИС“.Деминутив од ИЛИ е ИЛЕ, и во контекст на именката „ИС“, целиот концепт би значел раѓање на пролетното сонце[385] - пролет.

---

[384] http://www.bjreview.com.cn/culture/txt/2010-09/13/content_297618.htm пристапено на 30.08.2015.

[385] Види „Ита ал ИЛС“ Зета Македониа Наниа, пештера Portel или Crampagna (Loubens, Ariège), (денес наречена Франција) пред 12.600 г.мак.е.пред.п.христ., стр. 236.

**02/3. „Ат во усните“**

Зета Македониа Востаниа централна Азија (денес наречена Кина) 130.000 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ. „贺兰山岩画“[386] Hèlánshān.



Сл. 354 Оплодувачката моќ на сончевите зраци ИЛ, персонифицирани со коњ.




Сл. 355 Анализа.

На резбаниот камен анализирана е цртеж-лигатура, изработена од македонската словарница на ЦУТОТ, чија содржина е следнава:

> ИЛ J’C АТ, J’S < >УСНИТЕ НА SEMЈАТА НАН.

Транскрибирано на современ македонски јазик гласи:

„ИЛ ЈАС АТ, ГИ ГЛЕДАМ УСНИТЕ НА ЗЕМЈАТА МАЈКА НАНИА“

Сончевите зраци ИЛ, нивната оплодувачка моќ, персонифицирана е со коњ. Сончевите зраци во мигот на изгрејсонцето ја гледаат мајката „НАН“ со нејзините усни. Тоа е земјата, која се наоѓа од спротивната страна од изгрејсонцето, денес наречена запад. „НАН“ претставува страна на светот кон која се движи Сонцето, или страна на светот на која Сонцето оди да спие или НАНА – НАНИА.

Воочлива е честата појава на цртеж-лигатурите со претстава на коњ, не само на оваа територија. Објаснувањето нè води директно кон самата суштина на македонската вера и нејзините основни начела.

[386] http://dereklooch.blogspot.com/2012/08/blog-post.html пристапено на 10.06.2015.

**02/4. „Обожествениот Македонец“**

Планината Хелан во близина на градот Јинчуан во покраината Нигсја.
Зета Македониа Востаниа, централна Азија (денес наречена Кина), 130.000 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ.,„贺兰山岩画”[387] Hèlánshān.

На оваа гравир - лигатура се претставени луѓе во ритуален танц за време на пролетта. Машките фигури се персонификација на Бог Сонце ИЛИ и обожествениот Македонец. Женските фигури се мајката Ѕемја – Македониа во трите пролетни месеци.



Сл. 356 Гравир-лигатура на која се претставени Македонци во ритуален танц



сл. 357 Обработка на гравир-лигатурата.




Сл. 358 На гравир-лигатурата пишува: „ОЛИЈ ИЛИ МАКЕДОНИА Л’Ј ИС ’Н С’Г“.

387 http://www.5118114.com/lygl/694.shtml пристапено на 07.05.2015.

Транскрибирано на современ македонски јазик значи:

„ОЛИ ЈА (ОПЛОДИ ЈА) ИЛИ МАКЕДОНИА.

СЕГА И „ИС“ (НОВОРОДЕНИОТ) СИНОТ ЈА ОПЛОДИ“.

Текстот е непобитен доказ дека на овој приказ се забележуваат мотиви од древната македонска вера. Имено, на љубовната сцена, персонифицираното Сонце ја оплодува женската фигура, но после тој чин, оплодувачката моќ ја презема обожествениот Македонец, како рамноправен партнер со Бога, кој продолжува во создавањето на живот на земјата.

**02/5. “Крштовден”**

Планината Хелан во близина на градот Јинчуан во покраината Нигсја.
Зета Македониа Востаниа централна Азија (денес наречена Кина), 130.000 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ, „贺兰山岩画” [388] Hèlánshān.



Сл. 359 Гравир-лигатурата од планината Хелан наречена „Крштовден“

На оваа гравир-лигатура, претставени се радосните моменти кога пристига новата година од XXI-ви декември и пристигнувањето на пролетта XXI-ви март, кога реинкарнира целата жива природа ИС во нов живот. Терминот ИС е термин кој ја означува сета жива природа, овојпат најавена како новородена година или одново роден живот во периодот на пролетните месеци. Се забележува и лигатурата на крстот како своевиден доказ за тој чин.




Сл. 360 Лигатурата на крстот која се забележува на целата резба, симбол на сета жива природа и одново роден живот

Една претпоставка е дека крстот во историскиот период на македонскиот народ не преставувал пресек на две линии, туку преставувал порака од збир на букви и бројки во облик на лигатура, со јасна порака до обожествените Македонци.[389]

Покрај овој текст, крстот претставува допир на две прекршени линии или две букви „А“ во една точка, каде се наоѓа **двојното око на Богот ИЛИ и обожествените Македонци**. **Крстот, кршот или кршттот,** го претставува **раѓањето на Новата година**, процес кој, согласно со законите во природата, почнува да се случува од XXI-ви декември. Оттаму и именувањето како крст, кршт или крш.[390]

---

[388] http://travel.sina.com.cn/china/2012-08-03/1459180345_2.shtml, пристапено на 07.05.2015.
[389] Види за крстот стр. 42.
[390] види стр. 59, подетален опис за крш, рамноденица

**Значи, крстот претставува симбол на раѓањето на новиот обновувачки процес, ко-га мајката земја со својот наклон ќе скршне, врз основа на намалување на ноќта, ќе се зголемува денот.** Врз основа на смртта на зимата да се роди пролетта Дон, ЦУТ, возобновувањето помеѓу два бога, Богот ИЛИ и „Богот“ Македонец преку допирот на две букви „А“ или два триаголника и две пирамиди во една точка.[391] Тој е симбол на духовното и материјално обновување.

На цртеж-лигатурата написано е со слова ЦУТНИ и броеви ПРОЛЕТНИ и на македонски јазик, основата на македонската вера за реинкарнација со духот божји Македон преку стариот тешт и КРШТОВДЕНОТ. Текстот за оваа лигатура гласи:




Сл. 361

„ТИ ИТ’Н ТЕШТ ВО НОВОРОДЕНИОТ КШТОВДЕН. ОД НОВОРОДЕНАТА ПРОЛЕТ ТИ ЖИВЕЈ.“






Сл. 362 Македонски симбол од територијата на Зета Македониа Востаниа, со значење крал – Тешт. (Источно-азиски знак за крал.)

Обожествените Македонци биле обични луѓе, но нивната моќ и сила е слична со онаа на Бог Сонце. Такви карактеристики поседува стариот Тешт - Господарот и Зетот Господарот – Владетели на земјата. По смртта, како што налага древно-македонскиот ритуален обред за патување на душата до рајот и другите делови од божјиот поглед „SE“ низ вселената како делови од едно БОЖЕСТВО, што претставува вселенски рај, вселенска спирала. Македонците, изгорени на клада, со пламените јазици како сончеви зраци качени на сонцето, каде што прочистени и просветлени, светат со својата чистота како дух божји Македон, патуваат кон вселенската спирала каде се умножуваат душите на стариот Тешт, се враќаат во земниот рај со сончевиот зрак ИЛ. Понатаму, тие се раѓаат како нов живот реинкарнирани во целиот жив свет на земјата ИСУС од XXI-ви март. Основата на македонската вера е: **Во секоја материја во вселената и на земјата е присутен духот божји Македон.** Жртвувањето на храна, животни и луѓе претставувало ослободување на божјиот дух.

---

[391] Дешифриран натпис: „Седумте фосилни заби“ Пештера Виндија, Хрватска, стр. 146.

**03. “Силата на пролетта“**

Зета Македониа Востаниа, Кина – Shuidonggou, 30.000 г.мак.е.пред.п.христ.

Shuidonggou е еден од најстарите локалитети во северозападна Кина, каде се наоѓаат фосили од камениот период. За прв пат е пронајден остаток од череп во 1920 година од еден белгиски свештеник, а подоцна продолжиле ископувањата во 1960 г. На овој локалитет има над 10.000 материјални остатоци, меѓу кои камени стрели, орудија, украси и она што е најважно, пронајден е врежан натпис на камен, откриен случајно од професорот д-р Феи Пенг.




Сл. 363 Врежаниот натпис на камен.[392]

Според објавениот натпис во списанието на кинескиот научен билтен[393], Shuidonggou е област која вклучува 12 локалитети, кои се движат во датумот од рано доцен до крајниот доцен палеолит. Изрезбаниот камен бил пронајден во локалитетот 1, што е со изминат временски период од околу 30.000 г.мак.е.пред.п.хр. Д-р Пенг додава: „Користевме дигитален микроскоп за да ги набљудуваме сите засеци, сите добиени слики во 3D, со што докажуваме дека тие засеци не се направени случајно. Покрај тоа, создавањето на таков врежан објект може да укаже на можно постоење на комплексен комуникативен систем како што е јазикот”. Според археолозите, овој артефакт е направен од варовник со димензии 2,7 x 1,4 x 0,9 инчи ( 68 x 36 x 23 мм). Овие детални истражувања се прикажани на илустрацијата




Сл. 364[394]

[392] http://www.sci-news.com/archaeology/article00755.html, пристапено на 07.05.2015.
[393] “An engraved artifact from Shuidonggou,an Early Late Paleolithic Site in Northwest China” - PENG Fei1, GAO Xing, WANG HuiMin, CHEN FuYou, LIU DeCheng & PEI ShuWen, 2012 Vol.57 No.35: 4594?4599
[394] “An engraved artifact from Shuidonggou,an Early Late Paleolithic Site in Northwest China” - PENG Fei1, GAO Xing, WANG HuiMin, CHEN FuYou, LIU DeCheng & PEI ShuWen, 2012 Vol.57 No.35: 4594?4599 стр.5

Ова откритие, заедно со 10.000 останати пронајдоци, претставува непобитен доказен материјал за постоење на локално население, како модерен човек, кој се служел со говор и ги пишувал своите мисли.




Сл. 365 Дешифрираниот натпис.

Каменот и изрезбаните линии на него, претставуваат букви од македонските азбуки ЦУТНИ и македонските броеви ПРОЛЕТНИ. Содржи натпис, на кој може јасно да се прочита:

„J С'ЛА И ИЛИ - XXI", што транскрибирано на современ македонски јазик значи: „ЈАС СО СИЛАТА НА ИЛИ ОД XXI-ви (март)." Ова означува дека Божјата ѕемја МАДОН, со нејзината маса и нејзиното вселенско движење околу Сонцето и сопствената оска, создава приближен наклон од 23,5° кој ги формира четирите годишни периоди, двете рамноденици, зимската и летната, една летна долгоденица и една зимска краткодневица.

Тоа е незапирливата сила на божјата МАДОН, на ден XXI-ви март, кога ја создава пролетта наречена ДОН. Сонцето ИЛИ на тој ден на врвовите на планините или врвовите на пирамидите во присуство на многубројното население ќе го прогласи новиот ЗЕТ, кој ќе биде владетел и Господар - Господ Македонец на земјата за да ја оплоди невестата, како персонификација на божјата МА. Значи, само со силата на вселенското движење на земјата и божјата сила на Сонцето ИЛИ се создава живот на земјата.








Сл. 366 Каменот со изгравираниот натпис, служи како мерен инструмент и го одредува правецот на движење на божјиот дух Македон.

На каменот е претставен и божјиот дух Македон во облик на ракета, кој се спушта од вселената како сончев зрак ИЛ под агол од 90°. Претставени се две пирамиди, пирамида на Сонцето и пирамида на Ѕемјата МА. Тие се „преносители“ и „кондензатори“ на божјиот дух Македон. Тие се двете свети тројства: СВЕТОТО И СВЕТОВНОТО. Каменот претставува мерен астрономски инструмент, инструмент за движење на копно и море. Вакви исти или слични инструменти, со исти букви, броеви и јазик, со исти верски мотиви се создадени од еден народ со развиен комуникациски систем, наука и уметност, автохтон на териториите каде се пронајдени артефактите со стотици илјади години. Тој народ, според доказниот напишан материјал, пронајден и датиран од научниците ширум светот, е народ Македон - Македонски.

**04. „Илиј Зет“**

Зета Македониа Востаниа, Бопал - Bhopal, Madhya Pradesh, (денешна Индија); се верува дека цртежите се стари 30.000 години.




Сл. 367

Бопал е главниот град на државата Madhya Pradesh во централна Индија. Уметноста на карпа и откриените цртежи[395], пронајдени тука се извонреден доказ за постоење на развиена цивилизација во периодот на раниот палеолит и доволно за да бидат заштитени од УНЕСКО, како светско културно наследство. Се верува дека цртежите се стари 28.000 г.м.е.п.п.х.[396] Конкретно на оваа илустрација од овој локалитет е разработена пишана документација за постоењето на македонско писмо и јазик од периодот на Зета Македониа.




Сл. 368 Дешифрираниот натпис.

[395] Извор: http://www.bradshawfoundation.com/india/central_india/karabad.php, пристапено на 07.05.2015.

[396] http://www.newworldencyclopedia.org/entry/Bhimbetka_rock_shelters, пристапено на 07.05.2015.




- МАКЕДОНИА ОД 21-ВИ март ДО 35-ТИ ДАЈ ИЛИ ТИ И ЈАС.



5 > мадон иs





7 III л'г г'ѕ лил ли л'ѕ <



ш'н т'з јили ти т <

Сл. 369 Анализа.

- Ѕ'Л ИЛ ЛИЛ Ѕ'Г Г'Л III

- Т ИТ ИЛИЈ З'Т Н'Ш

1. – Бик, Шест месеци зимски.
2. – Бик, Шест месеци летни.
3. – Бикче, Дванаесет месеци или една година.
4. – Елен, симбол на Сонцето. Македониа од 21-ви март до 35-ти дај ИЛИ ти и јас.
5. – Бикче, Мадон и гледам.
6. – Бикче, Тој ита ИЛИЈ ЗЕТ наш.
7. – Бикче, Гледаат Бог лие, гледам, гледаат три.

Бикот е симбол на оплодувачката моќ на Сонцето. Оплодувањето од сончевите зраци пристига преку Месечината и утринската роса. По шесте зимски месеци на 21-ви март земјата се буди наречена Мадон, расте како "луда", со сите плодови на неа, во земјата Македониа во времето на **Зет ИЛИЈ** на денешна територија на Индија.

## 05. „Ситите синови на ИЛ“

Зета Македониа Востаниа, Bhopal, Madhya Pradesh, Karabad (денешна Индија), се верува дека цртежите се стари 30.000 години.



Сл. 370 Зета Македониа Востаниа, (денешна Индија).[397]




Сл. 371 Анализа.

- МАКЕДОНИА. СТЛ СИ ИЛ

Транскрибирано на современ македонски јазик:

- МАКЕДОНИА И СИТИ СИНОВИ НА БОГОТ ИЛ. [398]

[397] http://www.bradshawfoundation.com/india/central_india/karabad.php, пристапено на 07.05.2015.
[398] Бик – значење во македонската вера и верување стр. 241, 253.

**06. Зета Македониа Востаниа, Bhopal, Madhya Pradesh, (денешна Индија)** [399] - се верува дека цртежите се со изминат временски период 30.000 г.мак.е.пред.п.христ.

Уште еден пример од истиот локалитет:



Сл. 372 Цртеж-лигатура од Зета Македониа Востаниа, (денешна Индија).




Сл. 373 Дешифриран текст.

- МИЛО СОНЦЕ. ЛИ РОJ СИ НАЛИ С'JКО Г'Г ОНА S'J

399 https://www.pinterest.com/primtessa/art-rock-and-cave-painting-carving-petroglyph-and-/, пристапено на 27.05.2015.




Сл. 374 Дешифриран текст.

- ОНА С'Г НА КОЛО С'С НАЗ Л'Ј ОНА С' СОНЦЕТО.




Сл. 375 Анализа на цртеж-лигатурата од Зета Македониа Востаниа, (денешна Индија), која ни покажува дека цртежот всушност е натпис каде е врежано името МАКЕДОНИА.

- С СИНУ И СОНЦЕТО И ЅИ УС С ИЛИ

Вкупниот текст дешифриран и транскрибиран на македонски јазик гласи:

МИЛО СОНЦЕ. НАЛИЈ ГО СИНОТ СО ЉУБОВ. ГЛЕДАМ ЈАС ТАА СЕГА НА ОРО СО НАС ЛИЕ ОНА СО СОНЦЕТО. СО СИНОТ И СОНЦЕТО И ВЛЕЗИ ВО УСНИТЕ СО ИЛИ ВО МАКЕДОНИЈА.

## 07. „Волци“

Зета Македонија - Турција, Приена, 15.000 – 7.000 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 376 фотографија од загадочниот наод од Приена, Турција.



Сл. 377 Дешифрираниот натпис.

К’В ИКОЛ ЛИ < - БОЖЕ ЈАДАТ ВОЛЦИТЕ.

Ова откритие (Сл. 376) е случаен наод од македонски турист при посета на културните знаменитости во Приена, Турција. Засега игнориран од научната јавност, овој пронајдок содржи текст, несомнено на македонски јазик со македонски букви.

Приена се наоѓа северно од Милет, во западна Турција, близу до градот Güllübahce. Во него се наоѓа и храмот на Божицата Атина. Се смета дека им припаѓал на Персијците се до времето на Александар Македонски[400]. Приена е дел од македонската култура со континуитет од периодот на Зета Македониа сѐ до денес. Местото доживува процут за времето на македонскиот владетел Александар Македонски.

На каменот е врежан и прикажан запис за стравот, а воедно и неизвесноста од некоја опасност. Непријателите се опишани како волци, а пораката е упатена до Богот кој треба да ја исполни молбата на луѓето и да го изгони стравот од опасноста која се чувствува. Воедно овој запис ни укажува и на меѓусебните војувања помеѓу луѓето, метафоричната споредба на непријателот со волкот, свесноста за доброто и злото, и како најважно, високото ниво на свесност која не би ја поседувало примитивно суштество.

[400] http://www.sacred-destinations.com/turkey/priene пристапено на 14.02.2015

**08. „Орфеј со афионот“**

Зета Македониа Востаниа, (денес северозападна Кина) 8.000 г.мак.е.пред.п.христ.



На цртеж-лигатурата е претставена **божјата МА и Орфеј со афионот.** Лигатурата би се прочитала: „СО ЉУБОВ ИЛ ВО МАКЕДОНИА“. Афионовата чушка го симболизира инструментот лира, како и песната на Орфеј, во придружба на Божјиот Силен со кавалот, кој пак е симбол на опивка на машкиот принцип и божјиот Сатир, со опивните звуци на гајдата како симбол на бремената жена. Инструментите и песната се опиум за божјата МА. Опиумот е допир, „роса“. Опиумот е божја семенка, тоа се звуците на лирата, песна, цвет, Дон во пролет, опиумот е занес во љубовен спој помеѓу божјите зраци ИЛ и божјата МА. Опиумот е игра во љубовта или љубовниот допир - ОПИВКА.



Божјиот Орфеј е опивка, тој ора, облагородува, оплодува, ВЕЕ, РЕЕ, ЗРЕЕ. Орфеј или ОРЕЈ е цут во раст или потенцијален плод. Оваа цртеж-лигатура претставува порака и персонификација за афионовата чушка. Присутните елементи се исти како на бронзената чаша што претставува афионова чушка во Македониа (стр. 127). Зета Македониа АР на МА (стр. 387) и Зета Македониа Пиринска стр. 238. На фигурата, афионот е препознатлив со неговата топчеста форма, симбол на плод, симбол на бремена божја МАКЕДОНКА. Од афионот излегува мало главче со долг врат, тоа го претставува афионовото семе или божја семенка. Нозете се во движење на танц.

Сл. 378 Афион.
фотографија: Бранко Сотировски.






Сл. 379 Наодот од северозападна Кина, цртеж Бранко Сотировски.

**09. ‘‘Сеам за рожба‘‘**
ÇatalHöyük, Зета Македонија – Турција, 7.500 – 5.700 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл.380[401]

- СО СИТОСТ ЈАС ЈА СЕАМ, СО СЕИДБАТА ТВОЈА, О РОЈ СЕ.

Богот Сонце ИЛ ги дарува луѓето со изобилство на сеидба од сончеви зраци врз полињата обработени и посеани со зборовите: „О РОЈ СЕ“.

**10. „Македониа во вечните плодови”**
Македонска куќа – археолошки локалитет Çatalhöyük, Зета Македонија – (денес таканаречена Турција), 6.200 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 381 Македонски симбол на плодноста, пронајден во неолитска куќа во Турција.
Извор: http://www.ancientcraft.co.uk/reenactment/prehistoric_art.html, пристапено на 05.03. 2015

За врската помеѓу Македониа и Анадолија, може да се посочат неколку примери кои влегуваат во доменот на другите ликовни медиуми, а се присутни на неолитските садови од Македонскиот полуостров. Тоа се: Ѕидното сликарство и килимот. Ѕидното сликарство од Чатал Хујук, претставува еден од најсилните елементи на симболично изразување. Што значи процесот на „неолитизација“ во Македониа, според симболите и писмената традиција, се развивале паралелно. Коинциденција или не, и англиското знаме наликува на ѕидното сликарство од Чатал Хујук, Турција.




[401] Гоце Наумов - ОРНАМЕНТИКАТА И ТЕЛЕСНОСТА ВО НЕОЛИТСКАТА МАТЕРИЈАЛНА КУЛТУРА ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МАГИСТЕРСКИ ТРУД, стр. 21

## 11. „КОСМОС И МАДОН ОД МЕЃУПОТОЧЈЕ“

(денешен Ирак) – Тел. ес-Sawwan - Хассуна, 6.000 г.мкд.е.пред.п.христ.

Тел ес Саван е археолошко наоѓалиште во Ирак, кое се наоѓа 90 километри северно од Багдад и јужно од Самара.




Сл. 382 Карта од местоположбата на локалитетот.




Сл. 383 Култен сад од алабастер, стилизација на афионова чушка.[402]




Сл. 384 Натписот на садот како лигатура со извршена анализа.

- ИГ’Л АЛ, ЈАС О Г’Т МАЛ. СО ИЛ ГОРАМ ЛТАМ,
ОСИЈА КОС МОС СО МАРТУ ЛОМ МАДОН ОСИЛ:

Сад за божествена напивка од вино и афионов сок, чување на пепел – урна. Алабастер 17,5 см х 15,7 см. Пронајден е на околу 90 километри северно од Багдад. На садот пишува (транскрибирано на современ македонски јазик)**:**

[402] The international review of ancient art and archaeology “ MINERVA” – july/august 2003, volume 14. Number 4, стр. 14

“ИГ‘Л АЛ, ЈАС ООО... ГОЛТКА МАЛА. СО ИЛ ГОРАМ КОН КОСМОСОТ. ЛЕТАМ, ОСИЈАН ЈА ОПЛОДУВАМ МАДОН. СО МЕСЕЦОТ МАРТ ЛОМ“.

Ова е очигледен пример од македонскиот култ кон Сонцето и Космосот, култот за сојот иројот, култот за саможртва и жртвување. Кога Иг’л Ал, опиен со божествениот афионов сок – нектар, ставен на клада со огнот како симбол на Сонцето и пламените јазици - симболи на сончевите зраци, неговото тело, како и душата, отпловуваат до Сонцето за прочистување. Иг‘л Ал на Сонцето, прочистен, осијан, сега како светец, како сончев зрак, како дух божји Македон, лета повторно качен на сончевите зраци кон ѕемјата преку лачот – ли виножитото - аѕил’к кон вечниот дом рајот – Македониа. Сончевата светлост преку капката утринска роса или ситниот пролетен дожд – росата, разложена во три бои како божја семенка ја оплодува божјата Мадон – Мадонка на денот XXI-ви март. По чинот на кремирање, пепелта се става во истиот обреден сад. Македонците на овој начин станувале бесмртни божества, оттука доаѓа и името ГОСПОДАРИ – ВЛАДЕТЕЛИ МАКЕДОНЦИ. Имено, зборот „нектар“ е македонски збор, кој значи: „Ништо не е различно од земниот живот, туку и понатаму продолжува со **сок** или **нектарот** вечно да се живее, во Зета Македониа – РАЈОТ“. Името МАРТ – МАРТУ – МАРТУК се среќава на садот како месец МАРТ, Господарот - Господ на Македонците од Зета Македониа Меѓупоточна, наречени Сумерци.

## 12. „Срамежлива божја МА“

Зета Македониа Сончев Зрак, Пештера Lene Hara – Индонезија, 6.000 – 2.000 г.мак.е.п.п.христ.



Сл. 385 Мапа на Зета Македониа Сончев Зрак.

Низ следните дешифрирани текстови, разгледани се записи од територијата на денешна Индонезија од времето на камениот период од пред 6.000 г.мак.е.пред.п.хр. Таа територија е населена со македонско население во рамките на Зета Македониа Сончев Зрак. Македонската наука и уметност која е со посебни стилски одлики, како и верата, оставила големи траги на помалите народи од тој регион. Македонскиот народ е асимилиран со векови во народ, кој е наследник на македонската култура и до ден-денес присутна на таа територија.

Сведоштво за оваа теза се цртеж-лигатурите кои следат подолу. Тимор е најголемиот отров, синџир кој што ги поврзува Јава, Нова Гвинеја и Австралија. Островот бил сметан како еден од најбогати со археолошки наоди. Пештерите Или Кере Кере се наоѓаат во источен Тимор, а главната пештера е Лене Хара.

Последните истражувања покажуваат дека пределот бил населен со луѓе од пред 35.000 – 30.000 г.мак.е.п.п.х., а цртежите утврдено е дека се стари од 6.000 до 2.000 г.мак.е.п.п.хр.[403]

Цртежите проследени со текст од овој локалитет сè со јасно испишана порака за животот, годишните периоди, раѓањето и возообнувањето на природата во пролетниот период, опевањето на плодноста на Македониа (божјата Ма со пролетта Дон), поимот Македониа како израз и метафора за спас, утот како верување за одземање на душата, напуштањето на душата и повторното раѓање, летото и зимата како раѓање и смрт.

[403] Excavation of Lene Hara cave establishes occupation in East Timor at least 30 000 – 35 000 bce Sue O’Connor; MattewSprigg; Peter VethAntiquity: Mar 2002;76,291; Research library, pg. 45



Сл. 386 Пештера Lene Hara.[404]



Сл. 387 Анализа.




Сл. 388 Анализа.

404 http://www.geocaching.com/seek/cache_details.aspx?guid=820808ea-bb11-49af-af27-55496df5f6b6 пристапено на 07.05.2015.



Сл. 389 Сончев зрак, дух божји Македон, стрелка, вселенско летало со сончеви батерии, триаголник, свето тројство, троенско летало, симбол на Сонцето за пренос на душите на Господарите – Владетели Македонци во Зета Македониа Рајот, две пирамиди, птица утка. Вакво летало се среќава во: Зета Македониа Прекуокеански јужен ЦУТ Наска, Зета Македониа Наниа, Зета Македониа Пролетна, Зета Мадонија - Словачка, Зета Македониа Пиринејска и др.



Сл. 390 Ракета, вселенско возило, ластовичка, сончев зрак дух божји Македон.

**13. „Плодот топол“**

Зета Македониа Сончев Зрак, ILe Kere Kere – Индонезија, 6.000 – 2.000 г.мкд.ера пред.појавата на христијанството. [405]




Сл. 391




- ЛЕТОТО ТЕЧЕ СЕГА ГЛЕДАМ, ЛИЕ ОВОЈ ПАТ ЛЕТОТО БОЖЈО.

[405] http://www.sciencephoto.com/media/126384/enlarge, пристапено на 07.05.2015.

## 14. „Псалми две“

Зета Македониа Сончев Зрак, Пештера Lene Hara – Индонезија, 6.000 – 2.000 г.мкд.е.п.п.х.

Ова се можеби првите записи за изразување на религиозните чувства низ **псалми**, како и ликовен израз на човечки фигури со подигнати раце нагоре како орант. Стремежот на човекот да го опее и слави Бог, а воедно и да се помоли, а неговите молитви да бидат исполнети, постои со ист интензитет и речиси ист стил на изразување и до денес. Подадените раце нагоре го асоцираат токму тоа, силното религиозно чувство на човекот како гест за слава на Богот. Местото каде што е направен овој цртеж-лигатура е пештерата, како место – светилиште и најсоодветно место за прикажување на религиозни мотиви од времето на камениот период.




Сл. 392 Извор: http://www.sciencephoto.com/media/126381/view

- ПСАЛМИ ЗА ИЛ, ИЛ ПСАЛМИ, ИЛ**.**

## 15. „Со Македониа до спасот“

Зета Македониа Сончев Зрак, Пештера Lene Hara – Индонезија, 6.000 – 2.000 г.мак.е.п.п.х.



Сл. 393 Извор: http://www.sciencephoto.com/media/126247/enlarge, пристапено на 07.05.2015.






- СО ЖЕЛБИ ЗА СПАСОТ ЗА МАКЕДОНИА, ЈАС ИЉО.

Оваа цртеж-лигатура е споменик и сведоштво за македонската цивилизација, присутна во Индонезија. Ова е сведоштво за науката, уметноста и верата, за движењето на море со прекуокеански чунови, за развиена трговија на сите пет континенти. Македонски брод на пат за Македониа од исток кон запад. Трговски брод кој пловел од Зета Македониа Востаниа па сѐ до Зета Македониа Пролетен Ветер.

**16. „Храм на сончевиот зрак“**
Зета Македониа Сончев Зрак, Пештера Lene Hara – Индонезија, 6.000 – 2.000 г.мак.е.п.п.х.

За македонската вера на Сонцето и Космосот, сознанието за вселената со нејзините основни законитости „СО ОС“ (со оската на вселенското движење) биле познати. Тоа сознание е искажано и пренесувано со цртеж-лигатури од писмени знаци со македонските букви цутни и броеви пролетни. Цртеж-лигатурата од пештерата Lene Hara претставува: Хиероглиф (хирглеф или хироглед – поглед на предмет направен со букви), што преставува Сонце, сончев зрак, божја семенка, усни на божјата МА, оплодена женска ќелија - ембрион во фаза на двоење.






Сл. 394 Извор: http://canevare.blogspot.com/2009/10/um-crocodilo-por-explorar.html, пристапено на 07.05.2015.

На хирогледот може да се прочита: „СО ОС ОРОС ОЗОРИ СО УСИР И ОЗИРИС од XXI“, што на современ македонски јазик значи: Со оската на вселенското движење, со појавата на сончевиот зрак со роса или божја семенка, извршено е оплодување или појава на зората со божјиот **УС**ИР, што значи во усните на божјата МА и божјиот **ОЗИР**ИС. Озир, озори, оплоди и се роди **ристо**, пролет, Дон или ЦУТ.

Појавата на имињата на **Усир и Озирис** не е случајност, туку тоа е реалност за присуство на Господарите – Владетели Македонци и македонската вера на територијата на денешна

Индонезија со изминат временски период од 6.000 г.мак.е.пред.п.христ. Западните научници сметаат дека божјиот Усир е присутен само во Зета Македониа АР на МА (денешен Египет), што не е точно. По освојувањето на територијата Зета Македониа АР на МА од Господарот - Господ Македонец Александар Македонски во 347 г.м.е.п.п.х., а по неговата смрт во 338 г.м.е.п.п.х. со оваа македонска територија владее Птоломеј Сотер, генерал на Александар Македонски, сѐ до последната македонска царица Клеопатра. Птоломеј, божјиот Усир не го преименувал, туку правилно го прочитал од десно кон лево како РИСУ, падежна форма од Ристо што значи пролет Дон или ЦУТ. Озирис отсекогаш постоел во македонската вера под името Дон, Дион, Дионис.




Сл. 395 Дешифриран текст.

**17. „Ут"**

Зета Македониа Сончев зрак, пештера Lene Hara – Индонезија, 6.000 – 2.000 г.мак.е.п.п.х [406]



Сл. 396 Македонски ќилим присутен до денес, сличен со цртежот во Индонезија.



Сл. 397 Цртеж-лигатура во пештера Lene Hara – Индонезија.

Верата во бесмртноста, рајот, огнот и килимот на Господарите – Владетели Македонци се отсликува со оваа цртеж-лигатура. Сличноста на македонскиот килим со оваа цртеж-лигатура е голема. Како симболичен израз на килимот и цртежот е употребата на македонскиот триаголник и четвороаголник. Цртежот на карпа со четвороаголниците е во форма и на риба во движење. Тоа е летало кое се движи од Сонцето кон земјата за пренос на духовната енергија и од земјата кон Сонцето за пренос на материјална енергија. Движењето на формата е лесно како виор налик на килим. Од десната страна има портрет на човек во пламен во правец на движење кон Сонцето.

Ова композиција е претстава од познатиот мит за бесмртноста на Господарите – Владетели Македонци на пат во рајот со килимот како симбол на сончевиот зрак. (Види стр. 376

[406] http://nabila-riyantidclovers.blogspot.com/2014/01/normal-0-false-false-false-en-us-x-none_12.html пристапено на 07.05.2015.

**„Богот Македон“** Зета Македониа АР на МА, Wadi Barramiya, Египет 4.000 г.мак.е.пред.п.хр., **„Поглед на Богот ИЛ“** Македонски килим од Анадолија, азискиот дел од Турција, стр. 299).

Зборот килим е македонски збор, кој може да се расчлени на: К – ИЛ – ЛИ – М. Зборот се состои од името на Богот ИЛ како сончев зрак и името на божјата „М“ што значи МА и зборот ЛИ што значи, лие, пролева, оплодува, односно: Од земјата КОН Сонцето со ИЛ и од Сонцето со ЛИ на божјата МА. (Види: **„Поглед на Богот ИЛ“** Македонски килим од Анадолија, азискиот дел од Турција, стр. 299)




Сл. 398 Се препознава името Македониа.




Сл. 399 Анализа.

На овој цртеж-лигатура може да се прочита: „СЈ З‘МА У ИЛ, МАКЕДОНИА Л‘ТЈ УТ С Л‘М XXI-XXI-XXI-XXI“. Транскрибирано на современ македонски јазик значи: „СИЈА ЗИМАТА СО ИЛ. ВО МАКЕДОНИА ЛЕТАМ ЈАС УТ ОД XXI – XXI – XXI – XXI“

Сличноста на содржината за патувањето на душата во рајот - Македониа во вселената, можеме да ја забележиме и на натписот од територијата на Македонија „Крескај се во лет кон Сонцето“, Осинчани близу Скопје, 7.800 - 6.000 г.мак.е.пред.п.христ. (види стр. 98.).

**18. „Дух божји Македон – Вселен“**
Зета Македониа Меѓупоточна, (денешна територија на Сирија), 6.000 – 4.000 г.мак.е.п.п.христ.

Градот е пронајден во Сирија, кој датира од 6.000 – 4.000 г.м.е.п.п.х. (објавено 2010 г.). Градот е наречен Тел Зедан (Tell Zeidan) и според научниците, откриени се првите траги од урбано цивилизациско општество уште пред употребата на тркалото. За најзначајно откритие од овој локалитет се смета печатот од црвен камен (сл.400) со изгравиран елен‘[407].




Сл. 400 Мапа на Зета Македониа Меѓупоточна со градот Ѕедан, каде е пронајден печатот од црвен камен.

Печатот од црвен камен, пронајден е во Зета Македониа Меѓупоточна во градот Ѕедан. Ова е територија помеѓу потоците Еуфрат и Тигар, денешна Сирија. Печатот е непобитен сведок, со одредена пиктографија и космографија во вид на релјеф - лигатура со стилизирани македонски слова (кирилица и латиница), за постоење на македонски народ со развиен јазик, наука и уметност, а врз основа на тоа развиена вера за постанокот на светот. Според дешифрираниот текст на печатот, јасна е констатацијата за постоење на рамноправен дуализам помеѓу Богот ИЛИ и Господарите – Владетели Македонци за создавањето на светот во рамките на државата Зета Македониа Меѓупоточна. Печатот е доказ за подоцнежно извршено влијание на македонскиот народ на нивните поробувачи и асимилатори од арапско потекло. Тоа значи дека блискиот исток нема никакво влијание на македонскиот народ од територијата на Македонскиот полуостров, во времето на античкиот период и периодот на христијанството, затоа што Македонците во рамките на државата Големата Зета Македониа е еден народ и една научно-верска култура и на оваа територија.

На печатот е претставена македонската вера на „Сонцето и Космосот, сојот, ројот и рајот“




Сл. 401/а

[407] http://www.goldenageproject.org.uk/tell_zeidan_syrian_city_4000bc.php пристапено на 07.05.2015.




Сл. 401/б




Сл. 401/в



Сл. 401/г. Дешифриран македонски текст кој е дел од композицијата „Жетварско оро“.
Нумерата е отпеана од реномираната македонска уметничка, певица на традиционални македонски песни Сузана Спасовска, музиката е од композиторот Сашо Ливрински - Лаврод.



Транскрибираниот текст на современ македонски јазик гласи:

а) И СО УТ ШТО ЈА ЛАПНАЛ ИЛИ.
б) ГАЛИ СО СВЕТЛОСТА И РОИ ВО РАЈОТ.
в) - ЛИ ГОЛТНИ ПИВНИ. ЛИЈАМ ПИЈАМ ЈАС. И САМО СИ ЛИЕЛ ИЛИ СО IIII. ВО ЗЕТА МАКЕДОНИА.

Со стихови се опева пристигнувањето на новата година со еленот и Елена. Еленот е персонификација на Богот Сонце ИЛИ, поточно на духот божји Македон. Еленот или „ВСЕЛЕНОТ“ пристига од вселената на ден XXI-ви декември на денот на зимската краткодневица,[408] кога почнува ноќта да се намалува, а денот да се зголемува.

Денешната приказна за Дедо Мраз не е ништо друго, туку дел од македонската вера, продолжение на македонската традиција за пристигање на духот божји Македон, преку пирамидата на Сонцето и четирите пирамиди на годишните периоди во секој дом. Во македонскиот дом како божји храм, за пречекот на рамниот ден или новата година присутна е ЕЛКАТА. Таа е персонификација на ЕЛЕНА или ВСЕЛЕНА. Божјиот дух Македон, персонифициран како постар човек со брада, од вселената, ја носи духовната енергија. Пристига како по скала или скалеста пирамида под елката во секој дом. Пристигнатата енергија во секој дом и во секоја скалеста пирамида низ светот, престојува се до XXI-ви март. На тој ден Богот на Сонцето ИЛИ на врвот од истите пирамиди ќе го прогласи новиот зет за Господ на земјата. Заедно со духот божји Македон, складиран на АР како утринска роса, зетот ја оплодува божјата Мадон. Во чест на духот божји Македон, Македонците граделе скалести пирамиди, секаде низ светот.

Во Кина граделе пирамиди, но и скалести храмови налик на елка наречени „ПАГОДИ“ . Женската фигура во став на танц е персонификација на **SE**МЈАТА МА. Таа е разиграна, весела, поради пристигнатата нова година, за пролетта што допрва ќе дојде и плодовите што ќе се родат, со што ќе се создаде МАКЕДОНИА - РАЈОТ. Слична претставата на елен се среќава во пештерата Lasaux во Зета Македониа Наниа, денешна Франција, 15.000 г.м.е.п.п.христ. (види стр. 214). Црвениот печат е инспирација за:

ЖЕТВАРСКО ОРО

Гали Сонце, Гали светлост, рои за рајот и за сојот.

Гали Сонце, Гали светлост, рои за генот Македонски.

Рој се, рој, рају мој,
Рој се, рој, соју мој, Жнеј со песната:
Рају, рају мој, Македонијо.

Моми вино лијат. За момци стројни, оро вијат.
Еј жетварско.

Моми вино лијат.
За момци стројни,
Песна пеат,
За генот македонски.

Ли голтни пивни,
Точам пијам јас,
Еј моја Зета Македонија
Ли голтни пивни,
Точам пијам јас,
Само во Зета Македонија.




[408] Види ”Зимската краткодневица новото раѓање на Сонцето”, стр. 62

## 19. „Решетка на времето – Космос“

Керамички сад од Зета Македониа Востаниа, (денешна Кина), 5.000 – 2.000 г.мак.е.п.п.х.

Неолитскиот период во Кина го опфаќа периодот од 5.000 – 2.000 г.мак.е.пред.п.христ. Географските предели на местата од неолитскиот период на оваа територија се видно изменети до денес, бидејќи поголем дел од тие предели тогаш биле покриени со мочуришта и езера. Планините биле прекриени со густа шума и имало поголемо изобилство на животински свет, а климата била топла и влажна. Луѓето претежно се занимале се лов, земјоделие, риболов. Се одгледувале домашни животни и саделе житни култури и ориз. Изработката на глинени садови и предмети била доста развиена.[409] .

Меѓу најпознатите глинени садови е и овој, прикажан на сликата подоле, на кој се насетува влијание од македонската култура како симболите, броевите, буквите. Овој сад е израз за посветеноста кон Богот на сонцето ИЛИ - ИЛЕ, приказ на една година со годишните периоди, израз на вечноста и бескрајноста на универзумот. Линиите го претставуваат патот на дух божји Македон „СО ИЛ“ како молња. Тоа е македонската решетка на времето во Зета Македониа Космичкиот Рај. Македонската решетка на времето е лигатура на која пишува: НА ДЕН XXI-ВИ МАРТ ДЕНОТ НА ПРОЛЕТТА, БОГОТ НА СОНЦЕТО ИЛИ СО НЕГОВИТЕ ЗРАЦИ ИЛ ЛИЕЛ ОПЛОДУВАЛ. САМО СО ИЛ.

- ИЛИ И ИЛ ЛИЛ

С ИЛ С ИЛ




Сл. 402 Извор: http://www.chinaculture.org/2013-01/09/content_449864_2.htm, пристапено на 07.05.2015.

## 20. „Обреден сад“

Керамички сад од Зета Македониа Востаниа, (денешна Кина), 5.000 – 2.000 г.мак.е.п.п.христ.

- Со Богот ИЛ низ времето од XXI - март до XXI – септември




Сл. 403 Извор: http://www.asia.si.edu/collections/zoomObject.cfm?ObjectId=9943, пристапено на 26.04.2015.

---

[409] http://english.xm.gov.cn/study/LearningChinese/201305/t20130520_638500.html, пристапено на 07.05.2015.

**21. „Обреден сад“**

Зета Македониа Востаниа[410] - источен Gansu, Qinghai - (денешна Кина), 5.000 – 2.000 г.м.е.п.п.х.




Сл. 404 Насликана керамика MAJIAYAO;

Реплика на македонски сад, пронајден во Кина (5.000 – 2.000 г.м.е.п.п.х.), изработен од Македонците, древните жители од територијата Зета Македониа Востаниа. Садот е украсен со свастика, како симбол - средство за израз и на него се искажани следните зборови:

„ИЛ УК УЛИ“, што би значело:

„БОЖЕ ИЛ, СО ЖЕЛБА СО СВАСТИКАТА ЗА БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТОТ ЗАСЕКОГАШ УЛИ (или стави, дотури, оплоди).“

Човековиот стремеж за подобар живот, искажан и вклопен во пишан текст со извонредна естетика, а воедно и практичност, ја наоѓаме со обредните садовите во Кина, како остаток и влијание од големата Зета Македониа. Буквите се во нивната вообичаена форма со македонските азбуки ЦУТНИ. На садот го наоѓаме и симболот на свастиката, како еден од македонски симболи (види стр. 43). Садот има форма на кинески храм. Покривот на храмот е изведен во складот на буквите на садот. Керамиката најдена во Источна Кина е слична или иста со мали стилски измени, како садовите со бело насликаната цртеж-лигатура од 4.480 и 4.250 г.м.е.п.п.х. од Велушка тумба – Пелагонискиот регион, Македониа (види стр.117).



Сл. 405 Бело насликани керамички садови, 4.480 и 4.250 г.мак.е.пред.п.христ.
Велушка тумба – Пелагониски регион, Македониа; извор музеј Битола: http://muzejbitola.mk/za-muzej-bitola/istorijana-bitola/81-neolitot-vo-bitolsko.

[410] извор:https://picasaweb.google.com/lh/photo/Ud3Wt8RfdHKwnDUvmhjGBYl3DqsF1gSnwDUXxlbj680.

**22. „Македониа Зета“**Зета Македониа Востаниа, Khao Pla Ra (денешен Тајланд), 3.000 г.мак.е.пред.п.христ.

Ова е цртеж со натпис - лигатура од пештерата Khao Pla Ra во Тајланд, за кој се смета дека е со изминат временски приов од 5.000 г.мак.е.пред.п.христ., изработен со црна и црвена боја. Khao Pla Ra е планински венец обраснат со џунгла, а околу пештерата има прекрасна природа. Го среќаваме името Зета Македониа, Богот ИЛ и потписот на Тештот ИЉО.



Сл. 406 пештерата Khao Pla Ra, извор: http://www.era.su.ac.th/RockPainting/central/Khao-plara/pic_77T-tha.html, пристапено на 07.05.2015.

На оваа карпа прикажан е бик како божествената оплодувачка сила. Бикот ја персонифицира оплодувачката моќ на сонцето и сончевиот зрак, кој „ЛИЕ“, „ПРОЛЕВА“, „ОПЛОДУВА“. Интересно е да се каже дека авторот на цртежот, задните нозе ги претставил несразмерно мали, но се на правото место до машкиот принцип кои ги претставуваат буквите „Г’Г“ – што значи љубов. Следува целосна анализа.




Сл. 407/а




Сл. 407/б Анализа.

Оваа цртеж - лигатура, дешифрирана и транскрибирана на современ македонски јазик значи: „МАКЕДОНИА ЗЕТА НАША, ЛИЕЛ ИЛ СО ЉУБОВ ИЛИ И ВОСТАНИ. ИЛ АТ НАРОСУВАЈ, ОПЛОДУВАЈ. ОЗОРИ МАДОН“, во три пролетни месеци во рамките на една година, преку пирамидите на Сонцето, пролета Дон и духот божји Македон.



Сл. 408 Симбол на светото тројство, сончев зрак - дух божји Македон кој се спушта од небеските височини, во облик на три пирамиди.

Лигатурата е во облик на сончев зрак кој се спушта од небеските височини (Сл.408) Тоа е духот божји Македон, во облик на три пирамиди, симболизирајќи го светото тројство и тоа: **Пирамидите на Сонцето, пролетта ДОН и духот божји Македон.** Сончевиот зрак е во форма на храм, што го претставува световното тројство и тоа: Божјиот зрак ИЛ, божјата МАДОН и Господарите – Владетели Македонци. Сончевиот зрак, како и храмот симболизирајќи го светото и световното тројство, служи за пренос на телото како и душата на Господарите – Владетели Македонци заедно со божјиот дух Македон кон Сонцето, кон вечниот дом во рајот во вселената и земјата, преку ASИЛ‘К - лач или виножито.



Сл. 409 Храм за престој на духод божји Македон, (преименуван во христијанството како Св. Никола).

Оваа прекрасна дрвена црква (Сл. 409), посветена на Свети Никола (или дух божји Македон), потекнува од малото село Kryvka-Украина, кои се наоѓаат во Зета Македониа Европа, во близина на границата со Полска. Вид на храм, граден од искона до денес во Зета Македониа Европа и Зета Македониа Востаниа.




Сл. 409 а

Лигатурата претставува симбол на територијата каде владеел Тештот Иљо[411], како негов потпис и симбол на територијата на Зета Македониа Востаниа. Традицијата на одбележувањето на Зета Македониа Востаниа продолжила да живее до ден-денес со симболот за означување на Република Кина.

[411] Види слика 345 362 источно азиски знак за крал.

### 23. „Афионовата капка - дух божји Македон“

Локалитет ЗЛАТНО БРДО Altyn-Depe (денешна Туркменија), 3.000 – 2.000 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 410 Туркменија, извор: http://www.stantours.com/tm_rg_mr_mu.html



Сл. 411 Фигура на жена Туркменија



Сл. 412 Музеј Битола. (денес северозападна Кина)



Сл. 413 Зета Македониа Востанија Ембрион



Сл. 414 од

Човекоформната фигура од Туркменија[412] претставува жена. Пределот на матката е пресек на куќа, таа е зштитничка која, раѓа, храни, каде се врши пренос на светата и световната енергија, од земјата кон Сонцето и од Сонцето кон земјата, како дух божји Македон. Ја претставува вселената, одредената ЗЕТА како владејачки систем, градот, домот и персонифицирано божество Сонцето ИЛИ – ИЛ. Сето ова кажано за долниот дел на фигурата е отелотворување во ликот на божјата мајка, родилка на универзумот.

Таа ја симболизира и афионовата капка-опивка во мигот на оплодувачката моќ на духот божји Македон на денот XXI-ви март. Долниот дел е во форма на афионова чушка, а горниот дел, главата е во форма на божја семенка (МАКОВО зрно). Хоризонталните линии се осум сончеви зраци. Тие се засеци на афионот од каде тече капката роса, што го претставува духот божји Македон. Вертикалната линија е оската на вселенското движење, а тоа се сончевите зраци ИЛ.

[412] http://www.stantours.com/tm_rg_mr_mu.html




Сл. 415 Анализа.

Покрај својата симболична порака, фигурата содржи пишан текст, прочитан од горе кон доле гласи:

„ИЛ S, СИЈ НАШ И ИЛИ, РОЈ МАДОН“, што ќе рече: „ИЛ ГЛЕДАМ, СИЈА НАШИОТ ИЛИ. РОЈИ МАДОНА“.

Афионот е одгледуван во Македониа со иљадници години. Неговиот квалитет е на високо ниво. Од афионовата чушка, со зарежување течат божји капки на опиум. Тие се собираат во облик на катран, а семето - МАК како симбол на „орос“, користено е како храна. Афионот расте во регионите на Овче Поле и Тиквеш, Македониа. Во својата богата историја низ милениуми, во Македониа при честите вооружени конфликти во минатото, вредноста на платежното средство опаѓало. Опиумот од друга страна, пак, отсекогаш бил стабилна „валута“, вистинската вредност, која останува константна[413].

Македонското население, поради големата материјална вредност во однос на содржината на алкалоидите во афионот и поради култот за божјата моќ го чувале како „златна резерва“, која се продава само во случај на потреба. Така е создадена традицијата кај Господарите – Владетели Македонци да се чува опиумот со десетици години како мираз за своите ќерки, божји МА. Оваа традиција во Македониа опстојуваше до неодамна. Поради големата почит кон афионот и опиумот, одгледувачите не го злоупотребувале неговото дејство. Афионовото семе и катранот бил меѓу постабилните стопански гранки, тргуван низ светот по море и копно со иљадници години на сите пет континенти.

Да ги објасниме македонските зборови: Афион, мак и опиум. Афион значи: Од љубовниот допир на Богот ИЛИ да се создаде светото тројство и тоа: Божјите зраци ИЛ, божјата МА и нивните синови – Господарите – Владетели Македонци. Афионот е СОНЦЕ. Зборот МАК е **мајка на плодноста**, мајка на многубројната, воедно ситна, женска полна ќелија. Зборот опиум значи: Опивка, капка роса, орос, оплод. Опиумот е опивка на УМОТ во љубовен допир, опиумот е БОЖЈА СЕМЕНКА.

[413] http://www.unodc.org/unodc/en/data-and-analysis/bulletin/bulletin_1960-01-01_2_page003.html, пристапено на 26.04.2015

## 24. ‘‘Со SУНИЦАТА во рајот‘‘

Зета Македониа Востаниа, Anyang Кина, 2.200 – 1.900 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 416 Мапа на областа Anyang во Кина[414]

Македонските традиционални обележја во Зета Македониа Востаниа – Источна Азија, со откриените писмени докази, соодветно дешифрирани како споменици на македонската култура, сѐ со изминат временски период од најмалку 130.000 г.мак.е.п.п.хр. Таа традиција со стотици илјади години опстојува до денес.

Најважниот археолошки локалитет во централна територија на далечниот исток е во Anyang, Кина.



Сл. 417 Обредниот сад со неговата декорација во која се крие тајна порака

Обредниот сад со неговата декорација, претставува дел од македонската вера на Сонцето и Космосот. За повикување на капки роса заедно со духот божји Македон, преку пирамида на сонцето и двојното око. Претставен е култот на патот на духот божји Македон од земјата кон Сонцето и од Сонцето со сончевите зраци, преку SУНИЦАТА – АSИЛ’К и капката роса во Македониа - Рајот.




Сл. 418 Дешифриран текст.

414 http://humanpast.net/art/art2k.htm, пристапено на 15.04.2015.

Садот е декориран со стилизирани букви од азбуките цутни и на него пишува: „ЛУНА Л‘Ј S‘НА СО ИЉУ МАКЕДОНИА“. Со анализа на декорацијата и писмото, садот ни ја пренесува следната порака: „ЛУНА ЛИЈ SУНА (sуница-виножито). СО ИЉО ВО МАКЕДОНИА“. Македонскиот текст се однесува на пролетните месеци во род. Пообилните пролетни дождови на разведреното сончево небо, сѐ уште врне ситна роса. Сонцето со неговите златни власи, поминува низ секоја капка роса. На небото се раѓа сводот на виножитото или sуницата. Капките роса претставуваат божја семенка, кои заедно со сончевиот зрак се појавуваат трите основни и трите помошни бои. Тоа е чинот на оплодувањето, тоа се боите на духот божји или душите на починатите Господарите – Владетели Македонци на пат кон вечниот живот. Капките роса, како што е напишано „S‘НА“, претставена на садот, паѓаат на АР на МА, во рајот како божја семенка. На садот покрај капката роса е претставена буквата „S“, што значи поглед и буквата „И“, што значи бесконечност. И двете букви се во облик на око. Првото око е окото што се гледа на Богот на Сонцето ИЛИ, а второто око е око на Господарите – Владетели Македонци со поглед кон Сонцето.



Сл. 419 Sуница.



Сл. 420 Око

Македонскиот народ, распространет на пет континенти, според боите на sуницата, предвидува каква ќе биде летнината и што ќе се роди. Ако преовладува зелената боја, тоа значи дека ливадите ќе бидат бујни и ќе има многу трева за добитокот. Ако преовладува жолтата боја, нивите ќе родат многу жито и храна ќе има во изобилие. Ако пак најзабележителна е црвената боја, ќе се роди многу грозје, а бинлаците ќе се наполнат со вино.

**25. “ИЛ е спас”**

Шри Ланка[415], 300 – 200 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 421 Печат од локалитетот Anaikoddai во Шри Ланка и негова анализа,

- И ОД НЕБОТО ИЛ ОПЛОДУВА.

При ископувањата направени во 1980, пронајден е и овој печат во локалитетот Anaikoddai во Шри Ланка. Се смета дека овој печат содржи фонетско писмо. Научниците констатирале дека се користени Брахми симболи, писмо кое се смета дека се користело пред 300 – 200 г.мак.е.пред.п.христ.[416] во Индија. И на овој печат се забележуваат влијанија на високо развиената култура од Зета Македониа Востаниа. Луѓето гледаат спас во Богот Ил, спас во Сонцето како неисцрпен извор на енергија и живот, некој кој ќе ја изгони опасноста.

[415] Извор: http://www.srilankaguardian.org/2010/08/people-and-cultures-of-prehistoric-sri_21.html,

[416] https://en.wikipedia.org/wiki/Annaicoddai_seal, пристапено на 22.05.2015

**26. “Поглед на Богот ИЛ”**
Македонски килим од Анадолија, азискиот дел од денешна Турција.




Сл. 422 Македонски килим од Анадолија.

На килимот пишува:

„СО ПОЈАВАТА НА ПТИЦАТА УТ ВО МОМЕНТОТ НА ПОГЛЕДОТ НА БОГОТ ИЛ ВО ТРИТЕ ПРОЛЕТНИ МЕСЕЦИ. ПОГЛЕД НА АР ОД 21-ВИ МАРТ ДО 21-ВИ СЕПТЕМВРИ“.

Вакви или слични симболи среќаваме секаде низ Големата Зета Македониа Рајот. Треба секој Македонец да се запраша зошто овие свети симболи од кои може да се прочита: БОГОТ ИЛ И АР – РАЈОТ, Господарите – Владетели Македонци би ги ставиле под нозете. Тоа е поради долгогодишната традиција, која е присутна кај Господарите – Владетели Македонци најубавите килими да ги поставуваат во гостинската соба. Присуство на гостинот во македонската куќа е како присуство на Богот Сонце ИЛИ. Гостинот го зазема централното место во собата, каде е распослан килимот и поставен мангалот со жар. Во негова чест се принесува жртва т.е. храна и вино во придружба на опивните песни на Господарот - Господ Орфеј, Силен и Сатир и опивните тонови на нивните инструменти, лирата која е во облик на афионовата чушка, кавалот кој е во облик на машкиот принцип и гајдата која ја симболизира оплодената божица МА. Симболиката е следната. Со појавата на утката се појавува смртта. Симболично, смртта на зимата се манифестира преку принесената жртва на храна и вино со помош на опивката на афионот. Храната заедно со опиените гости и домаќини ставени на клада, во случајот симболично на жарта на мангалот да изгорат. На тој начин материјалната енергија на храната и телата на присутните, како и нивните души, се качуваат на таа жар (симболот на сонцето) и со помош на божјите зраци, како со чун (или чур) или македонскиот КИЛИМ, отпловуваат кон сонцето, на пат кон космичкиот Рај. Богот Сонце ИЛИ, пристигнатата материјална енергија ја претвора во духовна и со помош на неговите зраци ИЛ, ги препратува преку двојното око на Господарите – Владетели Македонци, (тоа е окото на Богот Сонце и окото на Господарите – Владетели Македонци), кое се наоѓа на врвовите на планините или на врвовите на пирамидите и конусите наречени КУРИЛА. Тие се распрснуваат на изгрејсонце, со првиот сончев зрак на ден XXI-ви март како капки роса, орос или оплод и се раѓаат во облик на ЦУТ или Дон. Оваа симболика ја среќаваме до ден-денес. Храна и вино се принесува и на денот на мртвите (Духовден) во јуни. Се палат свеќи како симбол на сончевите зраци, а храната, телото како и душата, со помош на опивната моќ на виното, се качуваат на сончевиот зрак и отпловуваат кон сонцето и Зета Македониа - Рајот. Во Зета Македониа Меѓупоточна, позната е приказната „Аладин и волшебната ламба“ за летечкиот килим, како израз за неисцрпната желба на македонецот да се вивнува кон височините.

**27. “Вид и вода“**
Македонски килим од Анадолија.




Сл. 423 Македонски килим.

- ДА ДАДЕ БОЖЕ ВИД, ВОДА, БОЖЈА СЕМЕНКА, ЦУТ, ЖИВОТ.

Видот, како способност кај човекот со помош на својот орган – окото да гледа, во реченицата е употребен во преносна смисла. Го истакнува оној дел од човекот со кој тој „гледа“, „согледува“ „чувствува“, односно „гледа со умот“. „Да даде Боже вид“, значи да подари Бог ум за човекот да ги согледа опасностите, разумно да размислува при своите постапки, умно да чекори по патеката на животот, воден од светлината. Водата има пречистувачки карактер и водата значи живот, а со тоа сѐ ќе процути, ќе се оплоди, животот тече, надежта продолжува. На килимот е испишан благослов за понатамошен безгрижен живот за Господарите – Владетели Македонци. Ставајќи го на видно место, освен естетското орнаментно значење, килимот претставува и славење на животот.